**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21.01.2009 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Ја отворам Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Светлана Јакимовска, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Садије Илјази, Љубисав Иванов Ѕинго, Амди Бајрам, Ристо Пенов, Имер Селмани, Владо Бучковски, Томе Чинговски, Игор Ивановски, Хисен Џемаили, Али Ахмети и Ермира Мехмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се: Претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија .

Комисијата за образование, наука и спорт предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот на одлуката за давање согласност на Статутот на Државниот универзитет во Тетово.

Предлогот ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт да ја образложи основната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири**: Ви благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 20-ти јануари 2009 година го разгледа Статутот на Државниот универзитет воТетово. Комисијата немаше забелешки во однос на Статутот за што Владата даде позитивно мислење. Од оваа причина Комисијата предлага да се дополни дневниот ред за оваа седница на Собранието со Предлог одлуката за да му даде согласност на Статутот на Државниот универзитет воТетово.

**Трајко Вељаноски:** Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за давање согласност на Статутот на Државниот универзитет во Тетово да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 45 пратеници, сите 45 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 55 пратеници, од нив за Предлогот гласаа сите 55 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за избор на членови во Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија.

Предлозите ви се поделени.

Го молам претседателот на Комсијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат рагледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски**: Благодарам претседателе.

Предлагам на денешнава 44-та седница Собранието да ги разгледа предлозите за избор на членови на Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија утврдени од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 14-ти јануари 2009 година и од Владата на Република Македонија. Имено, согласно членот 101 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик објавен во Службен весник на Република Македонија број 136/2008, Собранието на Република Македонија формира Координативно тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија. Членовите во ова Координативно тело од Министерството за правда, Државната изборна комисија и Државниот завод за статистика Собранието ги избира на предлог на Владата на Република Македонија. Членовите во Координативното тело од редот на пратениците Собранието ги избира на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Со оглед на тоа што се утврдени предлозите од предлагачите, а имајќи предвид дека во Законот е утврден рок во кој Министерството за правда ќе ги врши работите во врска со избирачкиот список потребно е Собранието што поскоро да го формира координативното тело за спроведување на

активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата предлозите за избор на членови во Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија да се разгледа на оваа седница, го ставам да гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 58 пратеници, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Државниот универзитет во Тетово.

2. Предлози за избор на членови во Координативнот тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија.

3. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Чешката Република за размена и заемна заштита на класифицирани информации.

4. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за реадмисија на лица со недозволен престој.

5. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за преземање на лица со незаконски престој.

6. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување на Договорот меѓу Македонската Влада и Романската Влада за поттикнување и заемна заштита на инвестициите потпишан во Букурешт на 12 јуни 2000 година.

7. Предлог на закон за индустриска сопственост - прво читање.

8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта -прво читање.

9. Барање за давање автентично толкување на член 11 став 3, а во врска со членовите 18 и 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, поднесено од пратеникот Миле Пачемски.

10. Барање за давање автентично толкување на член 13 став 2 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, поднесено од пратеникот Надица Танчева Тулиева.

11. Барање за давање автентично толкување на член 41 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Кичево.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикивам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на предложениот дневен ред, да се пријават за збор.

Бидејќи никој на се пријави за збор за изменување и дополнување на дневниот ред, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за гласаа сите 62 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Делвникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е пристутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Државниот универзитет во Тетово**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката, да се пријават за збор.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули**: Благодарам претседателе.

Јас би сакал да дадам два коментари во однос на оваа одлука.

Прво, ме радува што кога зборуваме за Државниот универзитет во Тетово не е четири и пол часот сабајле кога пратениците од ВМРО ДПМНЕ фрлаа дрвја и камења на СДСМ, затоа

што се одлучи да донесе политичка одлука да поддржи еден концепт на високо образование на мајчиниот јазик и ме радува што денеска атмосферата и во Парламентот и во Република Македонија е сосема поинаква и ми дава право да се гордеам што СДСМ во 2002 година имаше доблест да постави темели на меѓуетничките односи во Република Македонија кои што донесоа многу придонес и придобивки за Република Македонија. Без разлика што и за целиот тој процес и за процесот на децентрализација иако денешниот кандидат на ВМРО ДПМНЕ беше против целиот тој концепт, мислам кандидатот за претседател. Ме радува што Република Македонија остана на градењето на цврсти меѓуетнички односи кои што, реков на Македонија и го донесоа кандидатскиот статус, а очекувам и поголема перспектива во однос на нашата држава. Секако, ако ги почитуваме оние заложби што ги кажуваме декларативно, односно Владата ги кажува декларативно пред странскиот фактор, а слабо ги применува во Република Македонија. И затоа е добро што ВМРО ДПМНЕ не го укина како што велеше тогаш и Бонева и Китаноски Државниот универзитет во Тетово, туку го задржаа концептот на високо образование на мајчин јазик и тоа е добра работа.

Втора работа, сакам да укажам дека согласно Законот за високо образование член 169, тоа го зборував и кога беше интерпелацијата на министерот за образование, високо образовните институции државните мораа да го усогласат статутот на високо образовната установа со Законот за високо образовние согласно член 169 до 31 декември 2008 година. Имаа прекршочни одредби каде што казната од 1000 до 2.500 евра е доколку факултетот односно високо образовната институција работи, или применува статут кој не е во согласност со Законот. Што значи дека сите овие активности што се направени во овој период треба да се преиспитаат, да се донесе статутот и потоа да се применуваат.

Трето, да изразам разочарување од игнорантскиот однос на Државниот универзитет во Штип кој што како ВМРО- ско галениче мисли дека е над законите во Република Македонија и сеуште го немаме статутот на Државниот универзитет “Гоце Делчев” од Штип на Собранието, иако тој требал да се усогласи согласно член 169 до 31 декември 2008 година. Ректорот на универзитетот потрча надвор исто од Законот за високо образование да се потпише на партиска подршка на кандидат за претседател, но не најде за сходно да си ја заврши обврската согласно Законот за високо образование. И затоа сакам да го прашам претседателот на Комисијата за образование, бидејќи тој тука е надлежен како претстаник, затоа и прашав претседателе на почеток, дали имаме информација Државниот универзитет “Гоце Делчев” - Штип ќе го почитува законите во Република Македонија, бидејќи добива и најмногу пари и најмногу привилегии од Владата на Република Македонија, смета дека треба да работи незаконски бидејќи очигледно статутот не е усогласен согласно Законот за високо образование.

Пратеничката група на СДСМ ќе гласа за Предлог одлуката, затоа што концептот за Државниот унивезитет во Тетово е концепт визионерски што беше поставен од страна на СДСМ. И ме радува што ВМРО ДПМНЕ ја научи таа лекција кога не убедуваше во четири и пол часот сабајле, дека тој истиот треба да се укине.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцпрена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расприва е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 70 пратеници, нема воздржани , нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Државниот универзитет во Тетово.

**Минуваме на точка 2 - Предлози за избор на членови во Координатиовнот тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за прадва во Државната изборна комисија**

Предлозите на Владата на Република Македонија и на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се поделени.

Отворам општа расправа по предлогот на Владата на Република Македонија Загорка Тноковска, Бедредин Ибраими и мр. Благица Новковска, да бидат избрани за членови во координативното тело за спороведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на Владата Загорка Тноковска, Бедредин Ибраими и мр. Благица Новковска, да бидат избрани за членови во координативното тело за спороведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 68 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Загорка Тноковска, Бедредин Ибраими и мр. Благица Новковска, се избрани за членови во координативното тело за спороведување на активностите за преземање на

избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија.

Отворам општа расправа по Предлогот на Комисијата за прашањата на изборите и именвуањата Горан Минчев, Горан Мисовски, Бесим Догани, Оливер Дерковски, Сафет Незири да бидат избрани за членови на Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат во општата расправа по Предлогот, да се пријават за збор.

Бидејки нема никој пријавено за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Процедурално за збор се јавува госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Јас би ве замолила ако е можно да воспоставите малку ред во салата, не поради друго туку не сум во состојба да ве следам до која точка сме на дневниот ред, бидејки навистина многу слабо се слуша барем во овие редови каде што седам јас.

До колку пратениците кои не се заинтересирани имаат поважна работа и разговори од оваа седница, подобро нека ја напуштат салата. Навистина не можам да следам до која точка сме на дневниот ред. Не се слуша доволно. Затоа би ве замолила, бидејки по одредени теми сакам да дискутирам, но ќе ја пропуштам можноста, дотолку повеќе што само една минута имаме за пријавување и не можеме да го искажеме своето мислење. Да гоискористиме деловничкото право, барем она што ни го дава ваквиот Деловник кој е во насока на гушење на демократијата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Инаку за ваша информација се однесува за втората точка.

Би ги замолил колегите пратеници да воспоставиме тишина во сала 1. Кој сака да слуша може да седи и да слуша и да не го ремети мирот, кој мисли да не слуша да не им оневозможува на другите пратеници да ја обавуваат својата функција. Затоа би ве замолил и на оваа седница и на другите седници натаму да воспоставиме ред и тишина за да може соодветно секој пратеник да ја обавува својата функција.

Продолжуваме понатаму.

Предлогот на Комисијата Горан Минчев, Горан Мисовски, Бесим Догани, Оливер Дерковски, Сафет Незири да бидат избрани за членови на Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, за предлогот гласаа сите 66 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Горан Минчев, Горан Мисовски, Бесим Догани, Оливер Дерковски, Сафет Незири да бидат избрани за членови на Координативното тело за спроведување на активностите за преземање на избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија од редот на пратениците во Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за ратификација на спогодбата меѓу Република Македонија и Чешката Република за размена и заемна заштита на класифицирани инфорамции - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмнаи што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејки нема никој пријавено за збор, продолжуваме понатаму.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, за предлогот гласаа сите 66 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата меѓу Република Македонија и Чешката Република за размена и заемна заштита на класифицирани инфорамции.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за реадмисија на лица со недозволен прстој - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната

комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмнаи што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор. Благодарам.

Бидејки нема никој пријавено за збор, продолжуваме понатаму.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, за предлогот гласаа сите 64 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдова за реадмисија на лица со недозволен прстој.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за преземање на лица со незаконски прстој - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмнаи што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Бидејки нема никој пријавено за збор, продолжуваме понатаму.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, за предлогот гласаа сите 64 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за преземање на лица со незаконски прстој.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување на Договорот меѓу македонската Влада и Романската Влада за поттикнување на заемната заштита на инвестициите, потпишан во Букурешт на 12 јуни 2000 година - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Комисијата за надворешна политика, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмнаи што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор е јавен господинот Јани Макрадули во името на пратеничката група на СДСМ, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Се јавив да прокоментирам една политика која Владата ја презема во писмените документи, а во пракса не е применува.

Иако овој закон се однесува на измени на Договор потпишан на 12 јуни 2000 година, членовите кои се дадени се членови кои се попишани на 27 февруари 2008 година и веројатно овој потпис е на минситерот Славески, се исто, нечитливо е во сите три примероци, за кого станува збор.

Собранието ќе го ратификува ова, само не ја разбирам логиката зошто Валдата потпишува документи кои нема намера да ги почитува. Имено на 6 февруари 2008 година Владата се обврза до ММФ и вели - ќе продолжиме да ја поддржуваме ЕВН -ЕСМ, компанијата за дистрибуција на електрична енергија во нејзините напори да обезбеди дека сите корисници навремено ќе ги извршуваат плаќањата за нивната тековна употреба на електрична енергија. Ќе обезбедиме буџетските организации да ги исполнат своите заостанати обврски кон ЕВН-ЕСМ. Тоа е една работа.

Значи ние со Романската Влада односно Владата на Република Македонија, договор за взаемна заштита на инвестициите, а гледаме каков е однсот на Владата кон странските инвестиции. Или, ако ја отворите веп страницата на Инвестин Македонија, ако може претседателе за тишина...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колеги ако може да го сослушаме колегата.

**Јани Макрадули:** Или ако ја отвориме страницата на Агенцијата Инвестирајте во Македонија, гледаме дека Австриската ЕВН е

најголема инвестиција што е приложена во графичкиот приказа на нашата Агенција.

Второ, не знам зошто Владата потпишува член во кој се вели дека ќе има недскриминаторски третман, нациоанлен третман и т.н., кога со фискалните аптриотски каси се однесува сосема спротивно. Значи Владата попишува договори со земји, Собранието ќе ги ратификува, ретко кој од пратениците ќе ги прочита, а во реалност имаме една политика која ги брка странските инвеститори од Македонија. Ниту односот кон компанијата ЕВН е пример за заштита на инвестициите што ги потпишуваме ние со земјите, ниту воведувањето на патриотските фискални каси е нешто што во члебнот 1 од овој ист договор што треба да го ратификуваме, го применува Владата. Затоа Европската унија ваквите мерки ги поништува, Европскито суд ги поништува, како што го поништи и примерот што го дава Груевски и Славески, дека во Ирска наводно се вовеле такви каси. Да, се вовеле, само...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да се сослушаме..

**Јани Макрадули:** Сепак изгледа станува збор за домашноп воспитување. Јас навистина не можам да разберам ваков игнирантски и препотентен однос.

Претседателе, вчера гледате дека не гласа човекот, а го признавате гласањето. Денес без претставник на Комисијата работиме, го држиме кворумот и каков однос добиваме.

**Трајко Вељаноски:** На што мислите бес претставник на Комисијата.

**Јани Макрадули:** Кога го стававте на гласање претставникот не беше присутен во салата, зборувам за избори и именувања претседателе. Знаете добро.

**Трајко Вељаноски:** Повелете продолжете.

**Јани Макрадули:** Значи Владата воведува, Владата се обврзува да има недискриминаторски третман, да ги штити инвестициите, а во пракса се однесува сосема спротивно. Затоа патриотските фискални каси паднаа на Уставен суд, иако гледаме уште едно препотентно однесување на Владата каде ја игнорирал Одлуката на Уставниот суд и не сака да исплати она што дуќанџиите и сите оние стопанственици вложуваа во фискалните каси. Ние за потсмев на светот, Владата ги тераше претставништвата на странските автомобилски индустрии во Република Македонија да воведат патриотска фискална каса, да се каже кој производ е македонски, а во членто 1 што е тука од протоколот, пишува дека нема тоа да го прави. Јас навистина не знам зошто Владата потпишува документи кои апсолутно не ги почитува, и во пракса се однесува сосема спротивно. Затоа Владата може да ратификува многу договори, може ММФ да го излаже милион пати, но мислам за тоа ние како држава не добиваме поени, напротив го губиме имиџот на земја во која треба да се случи некој бизнис рај, а во суштина се случува пекол за странските инвеститори. Затоа мислам дека Владата она што го потпишува и она што го пушта до ММФ како обврска треба да го почитува за да може Македонија навистина да стане место во која компаниите навистина ќе бидат решени да инвестираат.

Вака само ќе троши Владата пари на реклами а во суштина сеуште ни една компанија нема дојдено да инвестира во Република Македонија како нова инвестиција, бидејќи или ќе се врши политички притисок или ќе ја тераат да воведува дополнителен трошок со патриотски фискални каси или ќе го менува оданочувањето како ќе му текне или ќе ги менува законите три пати во еден месец, за што никој не може да добие гаранција дека во еден подолг период ќе важат едни исти услови, како што исто, во овој Протокол пишува или се обврзала нашата Влада.

Затоа, се надевам дека Владата конечно ќе сфати дека треба да го промени игнорантскиот и препотентен однос што го има кон странските инвеститори, дека тоа што проаѓа на нивните реклами не проаѓа во бизнис плановите на сериозните компании што треба да се решат да вложат и да инвестираат во свој развој, во некоја компанија надвор од земјата во која што живеат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 63 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот за изменување на Договорот меѓу Македонската влада и Романската влада за поттикнување и заемна заштита на инвестициите потпишан во Букурешт на 12 јуни 2000 година.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за индустриската сопственост - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за европски прашања како заинтересирано работно тело ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавија министерот за економија, госпоѓа Грковска Лошкова Славица, Јашари Аднан и госпоѓата Иванова Цветанка.

Има збор министерот за економија, господинот Фатмир Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, дами и господо,

Законската регулатива од областа на индустриската сопственост уште од самото осамостојување на нашата држава и во првиот Закон за индустриска сопственост од 1993 година ги имаше одликите на еден модерен закон, согласно меѓународните трендови во областа на заштита на правата.

Законот, чие донесување се предлага е во духот на продолжување на исполнувањето, односно зајакнувањето на горе наведените стремежи, односно пред нас е особено значаен закон со оглед со решенијата во законот ќе се воспостави еден степен на усогласување на националното законодавство од областа на индустриската сопственост, сличен на законодавството на Европската унија.

Почитувањето на правата на индустриската сопственост, односно воспоставување функционален и ефикасен систем на остварување на правата на индустриската сопственост и нивната успешна заштита, нашата земја е еден од предусловите за остварување на политичките и економски интеграции кон кои се стремиме и што се зацртани како наша цел.

Целта на предложениот закон е обезбедување на ефикасност во системот на заштита и спроведување на заштита на правата на индустриската сопственост во административната постапка за заштита на правата од индустриска сопственост, судска заштита, инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон по однос на прометот, употребата на заштитените права од индустриската сопственост и прекршочната постапка.

На тој начин предложениот закон ќе претставува една модерна рамка за заштита на правата на авторите и преведувачите, како приватен интерес од една страна и инструмент за поттик на творештвото и пронаоѓаштвото како јавен интерес, од другата страна за развој на нашата економија.

Почитувани пратеници,

Во продолжение на моето излагање јас ќе ги потенцирам некои од новините што ги содржи овој закон што е денеска во Собранието.

Прв новитет е тоа што со донесувањето на овој закон ќе се оствари можноста за целосно усогласување со директивата за спроведување на правото на интелектуална сопственост на Европската унија од една страна, а од друга страна истото ќе значи и воведување на ефикасни средства за спроведување на правото од интелектуална сопственост што има примарно значење за успехот на внатрешниот пазар. Во таа смисла се и предложените измени на законот, преку допрецизирање на мерките за обезбедување на доказите, привремените мерки, алтернативните мерки, прецизирање на содржината на тужбените барања при донесување на тужба за повреда на правото од индустриската сопственост.

Преку законските решенија на судот се даваат јасни насоки што да преземе, особено во одобрување на мерките за обезбедување, објавување на судска пресуда, на индиректен начин преку дефинирање на содржината на тужбеното барање, ќе се претстави водич за понатамошниот тек на постапката.

Ова решение очекуваме да предизвика зголемување на довербата во правниот систем, како и охрабрување на лицата чии права за индустриска сопственост ги остварува своите права во судска постапка.

Исто така, со законот е извршено трансформирање на регулативата за присилно лиценцирање на патентите што се однесува за производство на фармацевтски производи што се користат за извоз во земји со проблеми од јавното здравство.

Со транспонирање на оваа регулатива во правниот поредок на Република Македонија се врши преклучување на државта кон дејствијата за глобално рамниште, во намалување на сиромаштијата и достапноста на лековите на оние на кои им се најпотребни. Со тоа, исто така, се создаваат услови за непречено спроведување на регулативата на земјите на заедницата и од страна на Република Македонија.

Со оваа регулатива, што е донесена врз основа на Декларацијата на договор за трговските аспекти на правата од интелектуалната сопственост, усвоена на Четвртата конвенција на министрите на СТО, на 14 ноември 2001 година. Со самиот факт дека Република Македонија е членка на СТО, измената на Декларацијата е обврзувачка и за Република Македонија. Меѓутоа, земена е во предвид регулативата на Европската унија заради утврдувањето на внатрешниот систем за издавање присилна лиценца за потребите на јавното здравство.

Во таа насока со Законот е предвидено судот што е надлежен за решавање на споровите за права од индустриската сопственост во парнична постапка да биде надлежен за издавање на присилна лиценца.

Во текот на постапката, судот, заради обврската од спомнатите измени во договорот, потребно е да обезбеди мислење од Министерството за економија и Министерството за здравство.

Министерството за економија е надлежно за контакти со СТО, па во таа насока е определена

координацијата на активностите во однос на комуникацијата помеѓу Република Македонија и Советот на Декларацијата за Договорот за трговските аспекти од Управата на интелектуалната сопственост, при СТО.

Со други зборови, со оглед на тоа дека оваа регулатива е дел на поширокиte активности на полето на решавањето на проблемите на достапност на лековите за земјите во развој, соодветни забрзани дејствија се преземаат и во рамките на Програмата за соодветствување на Европската комисија во намалување на сиромаштијата и за справување со ХИВ - сидата, маларијата и туберкулозата.

Континуиран иден напредок е потребен, односно треба да ги содржи дејствијата за поддршка на истражувањата насочени кон борба против овие болести за поддршка на земјите во развој.

Со Ратификацијата на друг новитет што е содржан во овој закон, дека со Ратификацијата на европската платежна конвенција од страна на Собранието на Република Македонија, од 1 јануари 2009 година се интегрира уште една значајна респективилна организација како што е Европската патент организација.

Со донесувањето на овој закон ќе се создаде директна основа со Законот за појаснување на основните концепти за патентното право, значи прецизирање на правата што произлегуваат од нив, како и основ за повикување и примена на Европската патент конвенција.

Како новитет би нагласил и тоа, што е составен дел на овој закон, усогласувањето на меѓународните договори на СТО за интелектуалната сопственост, односно договорот за правата за патенст и договорот за правата на трговска мерка. Преку внесувањето на одредбите од овие договори од Законот се врши поедноставување на постапката за спроведување на заштита на правата од индустриската сопственост и воведување на поволности за корисниците. На тој начин се врши поедноставување и олеснување на делови од постапката за признавање на правото на патент - трговската мерка.

Поедноставување на постапката се однесува на потребата од минимални услови при утврдување на датум за поднесување пријава, можност за продолжување на роковите за извршување на дејствија во постапка, можност со едно барање извршување на повеќе промени.

Се овозможуваат одредени дејствија од постапката да се спроведат без застапник. Особено поволно е тоа што странките, за нив се обезбедува преку воведување на институтот на продолжување на постапка и преку зголемување на рокот за враќање на поранешна состојба. Има значајни активности за зголемување на ефикасноста и намалување на бариерите при поднесување на пријавите и целосната постапка за издавање лиценци и патенти во Република Македонија.

Како друг новитет во овој закон, би нагласил дека со донесувањето на овој закон во делот на застапувањето од областа на индустриската сопственост, тоа значи дека со Законот се дозволува можност и странско лице да биде застапник на индустриска сопственост, под услови на реципроцитет, истиот да биде застапник во своја државата и да го познава македонскиот јазик.

Ова законско решение е оправдано, со оглед на општите правила во слободното движење на лица и услуги на СТО и Европската унија. Ова, дотолку повеќе е оправдано што адвокатите, доколку исполнат одредени услови можат да бидат впишани во регистарот на застапници и со тоа да бидат застапници на индустриската сопственост. Ова законско решение е предвидено во Законот за адвокатура. На овој начин ќе се врши усогласување на овие два закони.

Почитувани пратеници, на крајот да резимираме за ефектите од овој закон.

Уште еднаш, со овие решенија дадени во овој закон се врши поедноставување и олеснување на делови од постапката за признавање на правото на патенти и трговска марка, што значи дека ќе се постигне уште поефикасна заштита на правата од индустриската сопственост, а со тоа и заштита на правата во административната постапка, ќе значи воведување ефикасен сервис за граѓаните и правните субјекти.

Во Законот е извршено хармонизирање на националното законодавство со Директивата 2004-48 европската заедница на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2004 година за спроведување на правата од интелектуалната сопственост. Преку воведување на ефикасни средства за спроведување на правото од интелектуална сопственост ќе се зајакне системот на обезбедување на заштита на правата, што е од примарно значење за успех на внатрешниот пазар.

Со Ратификацијата на Европската платежна конвенција во Република Македонија и нејзината примена на територијата на Република Македонија од 1 јануари 2009 година, во Законот чие донесување се предлага ќе се овозможи полесна примена на Европската платежна конвенција преку поврзување односно разјаснување на одредбите на законот на европската партнерска конвенција, односно унифицирање и централизирање на постапката за патенти во Република Македонија со таа на Европската унија.

Преку трансформирње на регулативата 816/2006 година на Европскиот парламент и на Советот на Европската унија од 17 мај 2006 година за присилно лиценцирање на патентите што се однесуваат на производство на фармацевтски производи што се користат за извоз во земји со

проблеми во јавното здравство, во правниот поредок на Република Македонија се врши приклучување на државата кон дејствијата на глобално рамниште во рамките на намалување на сиромаштијата, достапноста на лековите на оние на кои им се најпотребни.

За крај, уште еднаш гледано пошироко, предвидувањето на овие измени, како и ефикасното однесување на Координативното тело за интелектуална сопственост, процесот на подготвување на сеопфатна стратегија за интелектуална сопственост ќе претставува еден заокружен систем за постигнување поефикасен систем на заштита на правата на индустриската сопственост во Република Македонија.

Од овие причини што беа образложени при моето излагање, се надевам на искрена поддршка од страна на сите присутни пратеници за овој закон што значително ќе ја подобри позицијата на Република Македонија во делот на заштитата на интелектуалната сопственост. Ви благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор се пријавени пратениците Грковска Лошкова Славица, Аднан Јашари и Иванова Цветанка.

Збор има пратеникот Грковска Лошкова Славица.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам потпретседателе.

Колешки и колеги пратеници, неспорна е важноста на законот што денес го разгледуваме, меѓутоа очекував во образложението на министерот што своите 15 минути ги насочи на презентирање на информации што веќе ги има во образложението на законот, наместо да ни даде појаснување за некои контрадикторни информации поврзани со овој закон, а што доаѓаат од страна на Владата.

Имено, како пратеник, согласно она што го пишува во овој закон е нејасно колкави се и какви ќе бидат финансиските последици од Предлогот на законот.

Зошто го велам ова? Владата напишала дека во оценката на финансиските последици од Предлогот на законот врз Буџетот, дека за спроведување на овој закон потребни се финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, што произлегуваат од Ратификацијата на Европската конвенција за признавање на патенти, со што од 1 јануари 2009 година Република Македонија стана полноправна членка на Европската патентна организација.

За веќе во наредниот пасос, што гласи: “процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот”, Владата да тврди дека за спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Јас навистина не знам дали се потребни или не се потребни финансиски средства за спроведување на овој закон. Очигледно е дека Владата, работејќи 24 часа, 7 дена во неделата веќе е толку заморена, е потполно во конфузија и веќе не знае што прави, не знае што пишува, не знае што предлага. И покрај хаосот на меѓународната политика и на внатрешен план, веќе почна и вакви хаотични Предлог - закони да доставува во Собранието, имајќи ги во предвид и законот за кој што зборував вчера, за небулозното образложение за “Ред бул”, не ми останува ништо друго, ваквите закони, со вакво образложение веќе да почнам да ги нарекувам ред бул образложенија на Владата.

Вака само ќе троши Владата пари на реклами а во суштина сеуште ни една компанија нема дојдено да инвестира во Република Македонија како нова инвестиција, бидејќи или ќе се врши политички притисок или ќе ја тераат да воведува дополнителен трошок со патриотски фискални каси или ќе го менува оданочувањето како ќе му текне или ќе ги менува законите три пати во еден месец, за што никој не може да добие гаранција дека во еден подолг период ќе важат едни исти услови, како што исто, во овој Протокол пишува или се обврзала нашата Влада.

Затоа, се надевам дека Владата конечно ќе сфати дека треба да го промени игнорантскиот и препотентен однос што го има кон странските инвеститори, дека тоа што проаѓа на нивните реклами не проаѓа во бизнис плановите на сериозните компании што треба да се решат да вложат и да инвестираат во свој развој, во некоја компанија надвор од земјата во која што живеат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 63 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот за изменување на Договорот меѓу Македонската влада и Романската влада за поттикнување и заемна заштита на инвестициите потпишан во Букурешт на 12 јуни 2000 година.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за индустриската сопственост - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за европски прашања како заинтересирано работно тело ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се пријавија министерот за економија, госпоѓа Грковска Лошкова Славица, Јашари Аднан и госпоѓата Иванова Цветанка.

Има збор министерот за економија, господинот Фатмир Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, дами и господо,

Законската регулатива од областа на индустриската сопственост уште од самото осамостојување на нашата држава и во првиот Закон за индустриска сопственост од 1993 година ги имаше одликите на еден модерен закон, согласно меѓународните трендови во областа на заштита на правата.

Законот, чие донесување се предлага е во духот на продолжување на исполнувањето, односно зајакнувањето на горе наведените стремежи, односно пред нас е особено значаен закон со оглед со решенијата во законот ќе се воспостави еден степен на усогласување на националното законодавство од областа на индустриската сопственост, сличен на законодавството на Европската унија.

Почитувањето на правата на индустриската сопственост, односно воспоставување функционален и ефикасен систем на остварување на правата на индустриската сопственост и нивната успешна заштита, нашата земја е еден од предусловите за остварување на политичките и економски интеграции кон кои се стремиме и што се зацртани како наша цел.

Целта на предложениот закон е обезбедување на ефикасност во системот на заштита и спроведување на заштита на правата на индустриската сопственост во административната постапка за заштита на правата од индустриска сопственост, судска заштита, инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон по однос на прометот, употребата на заштитените права од индустриската сопственост и прекршочната постапка.

На тој начин предложениот закон ќе претставува една модерна рамка за заштита на правата на авторите и преведувачите, како приватен интерес од една страна и инструмент за поттик на творештвото и пронаоѓаштвото како јавен интерес, од другата страна за развој на нашата економија.

Почитувани пратеници,

Во продолжение на моето излагање јас ќе ги потенцирам некои од новините што ги содржи овој закон што е денеска во Собранието.

Прв новитет е тоа што со донесувањето на овој закон ќе се оствари можноста за целосно усогласување со директивата за спроведување на правото на интелектуална сопственост на Европската унија од една страна, а од друга страна истото ќе значи и воведување на ефикасни средства за спроведување на правото од интелектуална сопственост што има примарно значење за успехот на внатрешниот пазар. Во таа смисла се и предложените измени на законот, преку допрецизирање на мерките за обезбедување на доказите, привремените мерки, алтернативните мерки, прецизирање на содржината на тужбените барања при донесување на тужба за повреда на правото од индустриската сопственост.

Преку законските решенија на судот се даваат јасни насоки што да преземе, особено во одобрување на мерките за обезбедување, објавување на судска пресуда, на индиректен начин преку дефинирање на содржината на тужбеното барање, ќе се претстави водич за понатамошниот тек на постапката.

Ова решение очекуваме да предизвика зголемување на довербата во правниот систем, како и охрабрување на лицата чии права за индустриска сопственост ги остварува своите права во судска постапка.

Исто така, со законот е извршено трансформирање на регулативата за присилно лиценцирање на патентите што се однесува за производство на фармацевтски производи што се користат за извоз во земји со проблеми од јавното здравство.

Со транспонирање на оваа регулатива во правниот поредок на Република Македонија се врши преклучување на државта кон дејствијата за глобално рамниште, во намалување на сиромаштијата и достапноста на лековите на оние на кои им се најпотребни. Со тоа, исто така, се создаваат услови за непречено спроведување на регулативата на земјите на заедницата и од страна на Република Македонија.

Со оваа регулатива, што е донесена врз основа на Декларацијата на договор за трговските аспекти на правата од интелектуалната сопственост, усвоена на Четвртата конвенција на министрите на СТО, на 14 ноември 2001 година. Со самиот факт дека Република Македонија е членка на СТО, измената на Декларацијата е обврзувачка и за Република Македонија. Меѓутоа, земена е во предвид регулативата на Европската унија заради утврдувањето на внатрешниот систем за издавање присилна лиценца за потребите на јавното здравство.

Во таа насока со Законот е предвидено судот што е надлежен за решавање на споровите за права од индустриската сопственост во парнична постапка да биде надлежен за издавање на присилна лиценца.

Во текот на постапката, судот, заради обврската од спомнатите измени во договорот, потребно е да обезбеди мислење од Министерството за економија и Министерството за здравство.

Министерството за економија е надлежно за контакти со СТО, па во таа насока е определена

координацијата на активностите во однос на комуникацијата помеѓу Република Македонија и Советот на Декларацијата за Договорот за трговските аспекти од Управата на интелектуалната сопственост, при СТО.

Со други зборови, со оглед на тоа дека оваа регулатива е дел на поширокитe активности на полето на решавањето на проблемите на достапност на лековите за земјите во развој, соодветни забрзани дејствија се преземаат и во рамките на Програмата за соодветствување на Европската комисија во намалување на сиромаштијата и за справување со ХИВ - сидата, маларијата и туберкулозата.

Континуиран иден напредок е потребен, односно треба да ги содржи дејствијата за поддршка на истражувањата насочени кон борба против овие болести за поддршка на земјите во развој.

Со Ратификацијата на друг новитет што е содржан во овој закон, дека со Ратификацијата на европската платежна конвенција од страна на Собранието на Република Македонија, од 1 јануари 2009 година се интегрира уште една значајна респектибилна организација како што е Европската патент организација.

Со донесувањето на овој закон ќе се создаде директна основа со Законот за појаснување на основните концепти за патентното право, значи прецизирање на правата што произлегуваат од нив, како и основ за повикување и примена на Европската патент конвенција.

Како новитет би нагласил и тоа, што е составен дел на овој закон, усогласувањето на меѓународните договори на СТО за интелектуалната сопственост, односно договорот за правата за патенст и договорот за правата на трговска мерка. Преку внесувањето на одредбите од овие договори од Законот се врши поедноставување на постапката за спроведување на заштита на правата од индустриската сопственост и воведување на поволности за корисниците. На тој начин се врши поедноставување и олеснување на делови од постапката за признавање на правото на патент - трговската мерка.

Поедноставување на постапката се однесува на потребата од минимални услови при утврдување на датум за поднесување пријава, можност за продолжување на роковите за извршување на дејствија во постапка, можност со едно барање извршување на повеќе промени.

Се овозможуваат одредени дејствија од постапката да се спроведат без застапник. Особено поволно е тоа што странките, за нив се обезбедува преку воведување на институтот на продолжување на постапка и преку зголемување на рокот за враќање на поранешна состојба. Има значајни активности за зголемување на ефикасноста и намалување на бариерите при поднесување на пријавите и целосната постапка за издавање лиценци и патенти во Република Македонија.

Како друг новитет во овој закон, би нагласил дека со донесувањето на овој закон во делот на застапувањето од областа на индустриската сопственост, тоа значи дека со Законот се дозволува можност и странско лице да биде застапник на индустриска сопственост, под услови на реципроцитет, истиот да биде застапник во своја државата и да го познава македонскиот јазик.

Ова законско решение е оправдано, со оглед на општите правила во слободното движење на лица и услуги на СТО и Европската унија. Ова, дотолку повеќе е оправдано што адвокатите, доколку исполнат одредени услови можат да бидат впишани во регистарот на застапници и со тоа да бидат застапници на индустриската сопственост. Ова законско решение е предвидено во Законот за адвокатура. На овој начин ќе се врши усогласување на овие два закони.

Почитувани пратеници, на крајот да резимираме за ефектите од овој закон.

Уште еднаш, со овие решенија дадени во овој закон се врши поедноставување и олеснување на делови од постапката за признавање на правото на патенти и трговска марка, што значи дека ќе се постигне уште поефикасна заштита на правата од индустриската сопственост, а со тоа и заштита на правата во административната постапка, ќе значи воведување ефикасен сервис за граѓаните и правните субјекти.

Во Законот е извршено хармонизирање на националното законодавство со Директивата 2004-48 европската заедница на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2004 година за спроведување на правата од интелектуалната сопственост. Преку воведување на ефикасни средства за спроведување на правото од интелектуална сопственост ќе се зајакне системот на обезбедување на заштита на правата, што е од примарно значење за успех на внатрешниот пазар.

Со Ратификацијата на Европската платежна конвенција во Република Македонија и нејзината примена на територијата на Република Македонија од 1 јануари 2009 година, во Законот чие донесување се предлага ќе се овозможи полесна примена на Европската платежна конвенција преку поврзување односно разјаснување на одредбите на законот на европската партнерска конвенција, односно унифицирање и централизирање на постапката за патенти во Република Македонија со таа на Европската унија.

Преку трансформирње на регулативата 816/2006 година на Европскиот парламент и на Советот на Европската унија од 17 мај 2006 година за присилно лиценцирање на патентите што се однесуваат на производство на фармацевтски производи што се користат за извоз во земји со

проблеми во јавното здравство, во правниот поредок на Република Македонија се врши приклучување на државата кон дејствијата на глобално рамниште во рамките на намалување на сиромаштијата, достапноста на лековите на оние на кои им се најпотребни.

За крај, уште еднаш гледано пошироко, предвидувањето на овие измени, како и ефикасното однесување на Координативното тело за интелектуална сопственост, процесот на подготвување на сеопфатна стратегија за интелектуална сопственост ќе претставува еден заокружен систем за постигнување поефикасен систем на заштита на правата на индустриската сопственост во Република Македонија.

Од овие причини што беа образложени при моето излагање, се надевам на искрена поддршка од страна на сите присутни пратеници за овој закон што значително ќе ја подобри позицијата на Република Македонија во делот на заштитата на интелектуалната сопственост. Ви благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор се пријавени пратениците Грковска Лошкова Славица, Аднан Јашари и Иванова Цветанка.

Збор има пратеникот Грковска Лошкова Славица.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам потпретседателе.

Колешки и колеги пратеници, неспорна е важноста на законот што денес го разгледуваме, меѓутоа очекував во образложението на министерот што своите 15 минути ги насочи на презентирање на информации што веќе ги има во образложението на законот, наместо да ни даде појаснување за некои контрадикторни информации поврзани со овој закон, а што доаѓаат од страна на Владата.

Имено, како пратеник, согласно она што го пишува во овој закон е нејасно колкави се и какви ќе бидат финансиските последици од Предлогот на законот.

Зошто го велам ова? Владата напишала дека во оценката на финансиските последици од Предлогот на законот врз Буџетот, дека за спроведување на овој закон потребни се финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, што произлегуваат од Ратификацијата на Европската конвенција за признавање на патенти, со што од 1 јануари 2009 година Република Македонија стана полноправна членка на Европската патентна организација.

За веќе во наредниот пасос, што гласи: "процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот", Владата да тврди дека за спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Јас навистина не знам дали се потребни или не се потребни финансиски средства за спроведување на овој закон. Очигледно е дека Владата, работејќи 24 часа, 7 дена во неделата веќе е толку заморена, е потполно во конфузија и веќе не знае што прави, не знае што пишува, не знае што предлага. И покрај хаосот на меѓународната политика и на внатрешен план, веќе почна и вакви хаотични Предлог - закони да доставува во Собранието, имајќи ги во предвид и законот за кој што зборував вчера, за небулозното образложение за "Ред бул", не ми останува ништо друго, ваквите закони, со вакво образложение веќе да почнам да ги нарекувам ред бул образложенија на Владата.

За да понатаму се тврди дека со овој закон се предвидува воведување незначителни, меѓутоа, внимавајте, нови административни такси и трошоци за спроведување на административната постапка за признавање на правото од индустриска сопственост.

Значи, од една генерална политика која ја промовираше Влдата и која што не само што ја промовираше, туку и ја рекламираше на спотовите платени од парите на граѓаните за намалување на даноците и таксите ние континуирано сме сведоци на сосема спротивна политика, а тоа е на поведување на нови такси и даноци и зголемување на постоечките. Да ве потсетам на Законот за комунални такси, за користење на оџаци итн. итн. Значи, сега се наоѓаме навистина во една чудна ситуација кога како пратеници едноставно не знаеме заради ваквото однесување и заради ваквите образложенија дали се потребни финансиски средства од Буџетот или не се потребни финансиски средства од Буџетот и ако се воведуваат нови административни такси колкави ќе бидат тие и кој ќе биде обврзан да ги плаќа.

Значи, станува збор за Закон кој што е усогласуван со директивата на Европска унија. Единствено овој дел кој што зависи од нас и кој што ние треба да го определиме за фискалните импликации Владата не знае како да се однесува и очигледно дека нема никаква политика и стратегија по ова прашање. Меѓутоа, можеби тоа и не треба да ме изненадува заради тоа што се покажа дека Владата нема стратегија има водење на државата. Комплетно сме изолирани на меѓународен план, на внатрешен план владее потполн хаос и покрај обидите за создавање на розова слика со рекламните кампањи на Владата, меѓутоа, од фактите не може да се побегне, а факт е дека меѓу другото со овој начин на однесување Владата покажува комплетна дозориентираност и во однесувањето спрема Парламентот, меѓутоа комплетна дезориентирраност и во начинот на водење на државата.

Ова е хартија, хартијата трпи се, меѓутоа, последиците од ваквото однесување на Владата се огромни и создаваат тешки последици по функционирањето на државата и тешки последици во секојдневното снаоѓање на граѓаните во решавањето на нивните секојдневни проблеми.

Значи, воведувањето на нови административни итакси за овој закон бара објаснување од ваша страна кој ќе ги плаќа и уште повеќе да ја расчистите дилемата како преставник на Владата дали се потребни финансиски средства или не се потребни финансиски средства, кој дел од ова што сте го напишале како Влада е точен, а кој е грешен.

**Рафиз Алити:** Благодарам и јас.

Реплика има министерот за економија.

**Фатмир Бесими:** Благодарам.

Значи се работи, уште еднаш да повторам, за закон кој е целосно усогласен со директивите на Европска унија во овој дел на правната рамка, меѓутоа од аспект на тоа исто така значи и зголемување на ефикасноста и поедноставување на процедурите при издавање на патенти и лиценци што сметам дека значително ќе помогне во мотивирањето на производителите односно на иноваторите да пристапат кон вакви лиценци.

Со оглед на вашето прашање за импликациите во буџетот е тоа што станува збор во овој закон, ние ќе станеме полноправна членка на Европската патентна организација и бенефитот од оваа организација е особено значајно тоа што ние ќе станеме членка каде што ќе можеме да влијаеме во оваа институција исто така и со гласање односно во дефинирање на политиката на оваа институција.

Притоа од аспект на Буџетот ќе кажам дека досега Република Македонија добиваше средства од овие меѓународни организации, сега ќе стане полноправна членка и тој приход престанува, меѓутоа, од сопствените приходи на Заводот на заштита на индустриска сопственост ќе бидеме во овие години, како што е ставено тука да се покрие од нивните сопствени трошоци.

**Рафиз Алити:** Благодарам.

Контра реплика има пратеникот Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван министер мислам дека не беше успешен вашиот обид да ја разрешите дилемата. Јас повторно ќе ве упатам на с траница 3 на Предлогот на законот каде што се вели дека за спроведување на овој закон потребни се финансиски средства од Буџетот на Република Македонија кои произлегуваат од ратификацијата и нашата обврска како полноправна членка на Европската патентна организација за да на страница 4 веднаш да велите дека за спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

Ако сте знаеле точно како ќе оди финансирањето, зошто не сте го напишале тоа како што дефакто ќе биде и зошто нема појаснување од кои причини треба да се дововедат нови административни такси и трошоци за спроведување на постапката за признавање на индустриската сопственост.

Никој не го спори значењето на Законот дека значи ефектуирање на процедурите, меѓутоа, ваквото. . .

**Рафиз Алити:** Благодарам.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми накратко да кажам два три збора во врска со предложениот закон бидејќи се говори за прва фаза и веднаш ќе почнам со тоа што беше тема на расправа од претходната колешка.

Зошто, на пример, во Предлогот на законот кој е понуден за правата на индустриска сопственост е забележано вака како што е наведено.

Една вистина која ја кажа и министерот е дека од ова собрание пред извесно време се донесе една меѓународна конвенција во однос на европските патенти или пак конвенција, европска патентна конвенција и со стапувањето на сила на овој закон за ратификација на оваа конвенција нормално дека на Државниот завод за правата на индустриска сопственост и се зголемија не трошоците, туку еден дел од приходите кои овој завод ги реализираше од таксите кои предлагачите на пријавите за стекнување на индустриска сопственост и нормално за одржување на вредноста на овие права на индустриска сопственост беа непосредно извори на приходи на овој завод.

Сега, со стапувањето на сила односно со пристапувањето на Македонија во Европската организација за патенти еден дел од приходите кои овој завод ги остварува, таксите треба непосредно да се плаќа од европскиот завод за патенти. И од овој аспект јас ценам, можеби не знаете, но добро е да знаете дека сите овие права на индустриска сопственост се права со рок. Патентот е право кое има рок 20 години и со право да продолжи уште пет години. Носителот на ова право треба да плати такса што значи дека такса не се плаќа само во моментот кога се поднесува пријавата во Заводот за заштита на овие права и за нивната вредност во овој рок доколку важат овие права.

Гледано од овој аспект дека ние успеавме да станеме членка на оваа европска патентна организација се зголемија трошоците и како резултат на порастот на трошоците добро е да се види внатре во текот на оваа година на кој начин Државниот завод за правата на индустриска сопственост ќе може непосредно да се финансира од приходите кои се остваруват преку таксите.

Инаку, ценам дека знаете, но ќе нагласам дека сите институции, не само меѓународни туку и национални институции кои се занимаваат со заштита на правата на индустриската сопственост е меѓу најпрофитабилните институции и од овој аспект ќе го нагласам, можеби сте слушнале за меѓународната организација за заштита на правата од индустриската сопственост, како што е

ВИП, кој денеска се смета како една најпрофитабилна организација во светот. Говорам за меѓународни организации.

Ова го велам од причини што јас сум длабоко уверен дека и државниот завод на Република Македонија ако продолжи со овој континуитет на функционирање ќе постигне во текот на националната територија да се направи една организација многу профитабилна и мислам дека нема да има потреба за финансирање на овој завод од буџетските приходи односно нема да има потреба да се доделуваат буџетски средства за финансирањето на овој завод.

Во однос на Предлогот на законот ќе ми дозволите уште на почеток да нагласам дека е закон кој во суштина е многу квалитетен закон и ова не го велам само од причина што сме во позиција, туку мислам дека е предлог закон кој се разликува од актуелниот закон за правата на индустриската сопственост донесен 1993 година и изменет неколку пати.

Зошто го нагласувам ова? Ќе кажам два три збора бидејќи овој закон, или овој Предлог на закон во целост се усогласува со сите постојни директиви во европското право или со правото на Европска унија, а во однос на овие 4 права на индустриска сопственост, посебно овде ќе нагласам дека е во целост усогласен со директивата 48 од 2004 година, што е непосредно поврзана со заштитата на овие права.

Второ, овој закон е усогласен и со многу меѓународни акти, како што нагласив и претходно, усогласен е со европската конвенција за патенти, конвенција која за нас има, би рекол две значења.

Прво, поаѓајќи од фактот дека основ за основање на европската организација за патенти е токму европската конвенција за патенти дојдовме пред усогласувањето на овој закон да стекнеме рамноправен статус во оваа организација.

Второ, преку донесувањето на овој закон ќе успееме да создадеме и можност, или правен простор за таканаречени Европски патенти.

Од овој аспект ценам дека е закон кој навистина треба да се поддржи од сите пратеници, посебно кога се има предвид економското значење на овие права.

Мислам дека сите ќе се согласите со мене дека кога се има предвид фактот што е патентот или правото на патент и кое е влијанието на патентот во насока на развојот на технологијата, е во одредени насоки, и од друга страна кога се има предвид кое е значењето на развојот на технологијата за економскиот равој на една држава, сите ќе се согласиме дека ако се анализира внимателно тоа што е предвидено како предлог односно како одредба што го уредува овој сегмент ќе дојдеме до заклучок кој што ќе го кажам.

Второ, има извонредно значење. Овој закон и во однос на еден друг сегмент, како што е сегментот на заштитата на правото на потрошувачите.

Ова го нагласувам од фактот дека сите знаеме дека сега веќе во Република Македонија составен дел на правниот систем е Законот за заштита на потрошувачите односно е друг закон во однос на Законот за заштита на конкуренцијата.

Кога се има предвид фактот дека трговската марка и географските назнаки, посебно овозможуваат создавање на една поврзаност меѓу потрошувачот и одредени производи кои се штитат преку овие права ќе дојдете до оваа констатација која јас ја нагласувам непосредно со економското значење на овие права.

Кога сме тука ќе ми дозволите имајќи го во предвид и времето да кажам два три збора во врска со настојувањето на предлагачот, бидејќи јас учествував непосредно во работната група кога се изготвуваше овој закон и ја знам суштината или целта што треба да се постигне со овој закон.

Мислам дека е постигнато во целост тоа што беше стремеж или интенција на работната група.

Во Република Македонија 1993 година се одлучи да одиме со еден закон кој ќе ги уреди сите права на индустриската сопственост, иако сакам да нагласам дека тенденцијата уште во тоа време, бидејќи и тогаш бев учесник во работата на работната група постепено беше во оваа сфера да се кодифицира иако назначувањето и ден денес е закон, но тенденцијата продолжува еден ден областа на овие права да биде кодифицирана. Јас сметам дека набрзо ќе ја постигнеме и оваа цел.

Ова го нагласувам од фактот дека во многу држави кои од еден аспект, но и од правен и економски аспект се поразвиени од нас овие права не се уредени со еден правен акт или не се уредени со еден заеднички закон.

На пример во Хрватска постојат 4 закони од областа на индустриската сопственост. Постои за секое право посебен закон. Вака е во Бугарија, вака е во Албанија, во Косово, но има и други др жави со поразвиени стопанства каде овие права се уредени индивидуално, со посебни закони. Овде се постапува на овој начин и мислам дека е добро што псотапивме вака.

Ќе повторам уште еднаш, поаѓајќи од интенцијата на предлагачот мислам дека посебно од аспект на заштитата на овие права ќе ја постигнеме целта овие права во иднина, по стапувањето на овој закон во сила да се заштитат на ниво на заштита кое се прави и во државите во кои овие права се поразвиени.

Поаѓајќи од овој аспект ние сакавме аспектот на правната заштита на овие права, без оглед на начинот на заштитата кога се говори за правно граѓанска заштита на индустриската сопственост по стапувањето на сила на овој закон во Македонија дефинитивно, вака како што се штитат, бранат многу права да се заштити и категоријата на овие права.

Искрено ви велам, имам уште многу што да кажам во однос на оваа област, но тргнувајќи од фактот дека времето веќе истекува јас ќе ви се заблагодарам за вашето внимание и ценам дека при гласањето ќе искажеме една унанимност во однос на овој закон. Благодарам.

**Рафиз Алити:** За реплика се јави пратеникот Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван колега јас ги почитувам вашите обиди не само денеска, туку во минатото да се обидете во вашите говори да ги исправите грешките што ги прави Владата, меѓутоа, Владата остава такви несогледиви последици зад своето работење така што ниту една добронамерна дискусија на пратениците од владеачкото мнозинство тоа не можат да го исправат.

Јасна е целта и суштината што треба да се постигне со овој закон, јасно е дека е исклучително важен и дека ќе ја подобри и ќе ги ефектуира процедурите за признавање на правото од индустриска сопственост, меѓутоа исто така е јасно дека Владата не знае и ги нема оние информации кои што вие ги имате и ги искажавте тука. Затоа, дава вакви конфузни образложенија еднаш дека се потребни финансиски средства од Буџетот, а веќе после неколку пасуси дека не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за спроведување на овој закон.

Очигледно Владата треба после такво “напорно работење”, 24 часа, 7 дена во неделата да си даде одмор за доброто на граѓаните на Република Македонија, или пак да си поднесе комлетна оставка и да признае дека е веќе неспособна да го следи темпото на политичките процеси и во Република Македонија и надвор од Република Македонија, на меѓународен план и на таков начин да им направи услуга и на државата и на секој граѓанин во неа. Благодарам.

**Рафиз Алити:** Благодарам и јас.

Контра реплика има пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретстедателе.

Јас искрено ви велам, мислам дека не е добро што и овој Предлог на закон, кој едноставно би рекол дека е закон поврзан непосредно со прашања од економски карактер да се третира или да се гледа од еден едноставно политички аспект. Ова го велам од причина што не сакам даречам дека не може да има грешки, но ценам дека се говори за прва фаза, или прво читање на овој закон и тоа што повторно вашата интенција или целта на која се повикувате повторно мислам дека се објасни претходно и јас на ниту еден начин не би сакал да се повторам на таа тема.

Но, ценам дека уште еднаш ќе подвлечам, се говори за прво читање на Законот и имам забележано технички грешки, но и покрај тоа се говори за прва фаза на овој закон. Ви благодарам.

**Рафис Алити:**

Благодарам и јас.

Збор има пратеникот Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Би сакала уште на почетокот од мојава кратка дискусија да го кажам ставот на пратеничката група на СДСМ во овој Закон по Предлог законот за индустриска сопственост. Ние како пратеничка група ќе го поддржиме донесувањето на ваквиот закон, затоа што сметаме дека овој закон е доста значаен како од економска гледна точка, секако и од точка на усогласување на законите со европските регулативи и директиви. Сметаме дека овој закон треба да се поддржи затоа што уште во времето кога СДСМ беше на власт заедно со Демократската унија на албанците ваков закон донесе уште во почетокот на 2003 година и зборуваше мојот колега Аднан Јашари околу овој закон и нормално е дека треба и понатаму да ги усовршуваме секако правните норми, правниот поредок да го осовременуваме и да го усогласуваме со европското законодавство.

Бидејќи ова читање во Парламентот е прво читање и имајќи предвид како се работи на комисиите на работните тела таму каде што со новиот Деловник кој што се донесе во ова Собрание е префрлен целокупниот товар на работа, за илустрација ќе кажам дека по повод овој важен закон прво ќе видите дека нема воопшто заинтересирани пратеници да дебатираат со исклучок особено од опозицијата, со исклучок на почитуваниот колега Јашари, кој навистина ова е негова област, ја познава оваа област, истото тоа се случува не само за овој закон и за останатите закони во собраниските тела. Само погледнете ги извештаите на телата, на матичното тело кое се состои од три реда во прво читање и малку поагилната да речеме Законодавно правната комисија каде што си дозволи, иако не е нејзина надлежност, не е матично тело, да подебатира по овој закон, ќе се види дека навистина овој Парламент воопшто не е заинтересиран за она што се случува во Собранието. Затоа, зедов кратка дискусија по ова прво читање по овој претрес по законот за да му испорачам неколку мои забелешки на министерот, бидејќи и да поднесам амандмани во второто читање, судбината на моите амадмани и на амандманите на сите колеги од опозицијата е јасна. Затоа што, досега од влегувањето во сила на овој Деловник ниту еден амандман од опозицијата не видел сонце и не бил прифатен и не се дебатирало во ова Собрание. Значи, кажете ми ако има таков случај јас ќе прекинам и ќе ја терам работата според Деловникот, но нема и затоа сега сакам само да му ги кажам моите забелешки на министерот да ги слушне и доколку смета дека се оправдани да изврши притисок да имаме дополнет барем еднаш дополнет предлог на некој закон во второто читање, а на предлог на

опозицијата, затоа што позицијата не е заинтересирана да дискутира.

Јас и на Законодавно правната комисија и тука кажав дека добар е овој закон, но секогаш може да биде и нешто подобар. Сега ќе ги кажам само моите забелешки и барам министерот да ги разгледа.

Забелешка имам на членот 10 каде што се регулира прашањето за Заводот и раководителот на Заводот, тоа е директорот. Сметам дека овој Завод ќе има многу важни надлежности и бидејќи како што кажа и самиот министер овој закон е многу важен, затоа што ова регулира една многу суптилна тема, па затоа сметам во членот кој што се однесува за директор на Заводот би требало да има законска одредба со кое што ќе се прецизираат конкретните услови кои што треба да ги исполнува и директорот и заменикот директор за да може ефикасно и стручно да го раководат Заводот. Поинаку, повторно ќе сметам дека, иако немам намера тоа сега во овој момент, поинаку ќе сметам дека секогаш на овој Завод како и досега ќе стои некој партиски војник, ама кој што баш нема да има поим ништо од она што ќе се случува во Заводот, а ќе спроведува некаква политика моментална или дневна.

Понатаму, забелешка имам на членот 20 кој што се однесува на жалбената постапка против одлуките на Заводот. Како што се сеќаваме, сите ние извршивме промена на членот на Уставот со кој што беше загарантирана постепеност во управните постапки пред органите и тогаш рековме дека навистина треба нашиот систем полека во заштита на правата во насока на ефикасност на остварувањето на правата на граѓаните да не речам да ги укинеме второстепените владини комисии, затоа што или тоа прашање да не биде регулирано со Устав односно да се дозволи со матичните или обласните закони да се уредува ова прашање на двостепеност во управна постапка. Значи, повторувам членот 20 не е спротивен со Уставот. Тоа Уставот го дозволува. Меѓутоа, г-дине министре и вие самите рековте дека со овој Закон ќе се подобри ефикасноста во заштитата во оваа област, на правата од индустриска сопственост. И, навистина, ако сакаме да се подобри ефикасноста на заштитата, навистина нема потреба од посебни комисии, владини комисии при одлучувањето по жалбите против одлуките на Заводот, затоа што верувајте многу малку се ситуациите каде што владините комисии, второстепените комисии донесуваат поинакви решенија од првостепените органи на управа, затоа што секогаш првостепените комисии односно првостепените управни органи се по правило постручни за областа која што си ја работат, а владинте комисии секогаш барем според она што сме го имале досега како пракса биле членови, припадници на политичкиот естаблишмен.

Г-дине претседателе, навистина јас не очекувам парламентарното мнозинство да е заинтересирано за овој или за било кој закон, секако тоа е заинтересирано за власт, меѓутоа ви се молам и ние треба некаде да ги искажме своите ставови, а место каде што треба да се слушнеме секако е овој Парламент. Ви се молам, замолете ги колегите пратеници барем кога дебатираме ако тие немаат волја да дебатираат, оние што сакаат да слушаат, нека слушаат, оние кои што сакаат да си прават муабет нека излезат надвор во холот, има место каде да се прави муабет, затоа што без разлика овдека навистина јас не гледам атмосвера за работа и кога поддржуваме и кога критикуваме истиот однос е на ова парламентарно мнозинство, како да не сака да слуша што зборуваме. А, верувајте, навистина сакаме да подобриме нешто. Овој закон впрочем и не е некој политички закон.

Другата моја забелешка е по однос на членот 24 што се однесува на такси и трошоци. По повод дебатата по овој закон на колешката Славица Грковска настанаа конфронтирани ставови што е и нормално со г-динот Аднан Јашари околу финансирањето. Јас многу сериозно и внимателно го следев излагањето на колегата Јашари и во дел се согласувам, секако се согласувам и со колешката начелно да кажам, но се согласувам и во делот на аргументите на колегата Јашари кој кажа дека овој Завод секако ќе има и сопствени приходи, затоа што навистина ќе има доста работи која што треба оние кои сакаат да остваруваат права и да се платат. Меѓутоа, во ставот 2 од членот 24 навистина не ми е јасно зошто Заводот да наплаќа за давање на информативни услуги од членот 23 и тие се опишани кои се информативни услуги. Барем за информативните услуги ние треба да бидеме транспарентни, посебно органите на Државната управа, јавната администрација и мислам дека тука не треба уште една на софистициран начин да се додава уште една обврска за добивање на одредени информации на оние кои што сакаат да бидат корисници на информациите.

И, уште на крајот секако дека имам и други забелешки, јас и колегата Аднан Јашари разменивме мислења, меѓутоа ги кажувам оние забелешки на кои што би сакала министерот посебно внимание да обрне и да изврши притисок да се сменат, затоа што навистина во работните тела ние никако неможеме и амандмани да поднесуваме, никако неможеме да стигнеме и кога добронамерно мислиме да биде некој амандман прифатен.

На крајот јас, еве повеќе не како забелешка, како прашање, добро е делот кој што се однесува на уредување на прашањето на водењето на судските постапки, на алтернативните мерки, на мерките кои што треба судот да ги презема во заштита, судската заштита на правата од индустриска сопственост, но мене ми предизвика дилема насловот на членот 303, тоа е граѓанска

казна. Ваков термин во нашето право, мислам каква ќе е таа граѓанска казна, сигурно таа казна за штетата, тоа не би било казна, мислам дека не е соодветен насловот, затоа што во нашата правна терминологија, а особено во оваа област незнам дали би соодвествувал ваков термин граѓанска казна. Јас ја сватив интенцијата на овој член, меѓутоа сметам дека ваков подналсов не треба да стои. Сигурно е земен од некоја директива со која што се усогласува овој закон, меѓутоа не е соодветен за нашиот правен систем ваков термин и тоа би требало да се усогласи.

И на крајот, повторно сакам да го искажам ставот на СДСМ дека ние ќе го поддржиме донесувањето на овој закон и бараме забелешките кои ги изнесовме во првото читање да бидат прифатени и ресорниот министер да се заложи овие забелешки да бидат вградени во дополнетиот предлог, затоа што ние според овој Деловник како опозиција никогаш неможеме да издејствуваме на наш предлог да има дополнет предлог на закон во второ читање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има министерот за економија г-динот Фатмир Бесими, повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам претседателе.

Јас најпрвин би сакал да се заблагодарам на пратеничката за дадените забелешки, првично што укажа на поддршката што ќе ја дадат на овој закон, што е многу значајно за Република Македонија. Инаку, исто така ќе кажам, бидејќи се работи за прво читање, можеби во делот тоа што го кажа за образложението, јас иако објаснив дека станува збор за институција која се финансира од сопствени приходи дека тие дополнителни трошоци со што Македонија ќе стане рамноправна членка на Европската пазарна организација, ќе се финансира од сопствени приходи, посебно во овие три години, можеби е корисно како што гледам да дадеме дополнително прецизирање таму на тој дел при второто читање.

Инаку, за конкретните забелешки, за членот 10, членот 20 и 24 понатаму во казнените одредби последната забелешка ќе кажам дека принципиелно доколку во законите што ги предлага Министерството за економија, доколку имате некои ваши забелешки и сметате дека преку амндман ќе се подобри квалитетот на законот, мислам на комисии, доколку имате такви предлози може да доставите и ние ќе ги прифатиме такви амандмани, доколку цениме дека ќе се подобри квалитетот.

Инаку, за овие забелешки што ги кажавте во членот 10 именувањето на раководител, сакам да кажам дека во овој случај институцијата нема управен одбор која би распишала таков конкурс. Инаку, тоа што сакаме да го кажеме сличен е системот и во Словенија и Хрватска бидејќи немаме системски закон за именување на функционери во органите на Државна управа, тоа се решава на овој начин.

За членот 20 можеме да кажеме дека во работната група разгледани се можностите и тоа што вие кажавте согласно Уставот директно да се оди во судска постапка, меѓутоа во дискусија во Министерството за правда, имајќи предвид дека се работи исто така за проблематика која бара одредена специјализација од страна на судиите со цел да биде поефикасна и во таа постапка е укажано во оваа фаза дека треба да се оди во второстепена комисија со цел да се заштити уставното право за жалба. Меѓутоа, во второто читање уште еднаш можеме да го разгледаме ова. Што се однесува после кажавте и за членот 24 за прстап до информации. Има пристап до информации, меѓутоа за делови каде што се бара одредена верификација на документи од страна на Управата, тие таму имаат одредени дополнителни трошоци.

Што се однесува до делот граѓанско право тоа е усогласено со директивата и исто така се усогласуваат и законите во Република Македонија за граѓанска постапка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за економски прашања како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Предлогот на законот за индустриската сопственост е прифатлив и може да се даде на натамошно односно второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за економски прашања и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 67 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и на Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија заменикот министер за транспорт и врски, г-ѓа Топузова Каревска Роза, г-ѓа Димеска Катерина, г-ѓа Миракоска Соња и г-дин Ќуркчиев Никола.

Има збор заменикот министер за транспорт и врски, повелете.

**Љупчо Димовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, односите во обласа на јавните патишта се регулирани со Законот за јавните патишта. Со овој закон се уредуваат прашањата за изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на патната инфраструктура, како и обезбедувањето на финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на патната мрежа и останатите прашања од значење на јавните патишта.

Во текот на примената на Законот за јавните патишта се утврди дека оделни одредби не се доволно прецизни и јасни од што произлегуваат потешкотии при нивната примена за што е потребно нивно изменување и дополнување. Во надминувањето на потешкотиите во примената на оделни одредби како и потребата од дорегулирање на некои прашања се предлага донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта. Со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните патишта всушност, се прави потребното допрецизирање, односно дополнување на оделни одредби од законот, се со цел, да се овозможи нивната целосна примена.

Исто така, се овозможува дорегулирање на одредени прашања кои со одредбите од постојниот закон не беа доволно прецизни.

Во таа смисла, со Предлогот на законот се врши прецизно дефинирање на поимот патен појас и можноста за градба на објекти во појасот, кои се исклучително во функција на патот. Исто така, со Предлогот на законот се прецизира и утврдување на критериумите за категоризација на јавните патишта.

Во Главата со која се регулира заштитата на јавните патишта, односно преземањето мерки потребни за спречување на недозволени дејствија на трупот на патот, патниот и заштитниот појас, се предлагаат одредби со кои ќе се овозможи поголема заштита на јавните патишта, што ќе придонесе да се зголеми безбедноста и ефикасноста на сообраќајот. Воедно, предвидено е решение со кое по исклучок на трупот на патот и во патниот појас надвор од населени места, да може да се поставуваат инсталации под услови и на начин утврдени во дозволата за нивно поставување, која ја издава Агенцијата за државни патишта, односно општината и Градот Скопје.

Заради попрецизно утврдување на условите за издавање на дозволата со законот, дадено е овластување на министерот за транспорт и врски со подзаконски акт, детално да ги пропише условите. Со цел овозможување на поголема заштита на автопатиштата и магистралните патишта на кои е воведен систем за наплата за употреба на патот, како и оневозможување на деконтролирано движење на луѓе и стока по патот, во Предлогот на законот се предвидува истите да се оградат со заштитна ограда, што претставува обврска на Агенцијата за државни патишта, сопственикот односно корисникот на објектот. Со ваквото решение ќе се овозможи и побезбеден сообраќај на овие патишта. За заштита на употребната вредност на јавните патишта со Предлогот на законот во членот 43 се додава нов став 5, предвидено е барањето за издавање на дозвола за одреден превоз да може да биде одбиено од страна на Агенцијата, градоначалникот на општината, односно градоначалникот на Град Скопје, доколку се оцени дека со извршувањето на тој превоз би настанале поголеми оштетувања на патот, или на објектите на патот, но и во случај каде што постои можност превозот да се изврши по други алтернативни патишта.

Во членот 13, со додавањето на нов член 46-а, прецизирана е потребната документација која се приложува со барањето за одобрение за изградба на пристапен пат, кое го издава Агенцијата за државни патишта, а кое не беше регулирано со постојниот закон.

Со членот 14 во Предлогот, се додава нов член 50-а во кој прецизно се набројуваат дејствијата кои се забранети да се преземаат, односно да се вршат на јавните патишта и во патниот појас.

Во Главата финансирање на јавните патишта се врши дополнување на тој начин, што се додава нов член 62-а, со кој се предвидува финансиските средства за изградба, реконструкција и одржување на јавен пат, кои се обезбедуваат од трансфер од централниот буџет, дел од акцизата од деривати за нафта, надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила, патната такса, надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот, патарина, како и надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас, приклучување на пристапен пат на јавен пат, поставување на инсталација во трупот на патот и во патниот појас, изградба и користење на комерицјлани објекти на кој е дозволен притап на јавен пат надвор од населено место, прекумерно користење на пат, вонредниот превоз и штета сторена на патот и објеките на патот во случај на доделување на концесија на јавни патишта, да можат да се предвидат како приход на концесионерот, согласно одредбите од овој

закон, а на начин и под услови утврдени со Договорот за концесија.

Имајќи го во вид искуството во период на интезивни опожарувања на територијата на Република Македонија од обврската за плаќање на патарина за време на служба со измените се ослободуваат и возилата на Дирекцијата за заштита и спасување.

Како резултат на предложените измени и дополнувања предвидени се соодветни измени и дополнувања во делот на прекршочните санкции, со цел да се овозможи поголема контрола на примената на одредбите од Законот за јавните патишта. Со предложените измени предвидено е да се одреди за одредени прекршоци глоба на самото место на утврдување на прекршокот да можат да изрекуваат и државните комунални инспектори и униформираните полициски службеници. Со членот 20 од Предлогот на законот, со кој се вршат одредени измени во членот 83 од постојниот закон, во суштина, само се прецизираат роковите кои се однесуваат на трансформацијата на Јавното претпријатие за одржување или заштита на магистралните патишта и регионалните патишта. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, се надевам дека ова затемнување на салата нема некое симболично значење во насока кога ќе се јават пратениците од опозицијата да зборуваат.

**Трајко Вељаноски:** Најмалку спрема вас.

**Роза Топузова Каревска:** Ви благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, навистина на самиот почеток би сакала да реагирам на начинот на донесување на законите. Ако погледнеме во воведот, ќе видиме дека овој закон е донесен во јули 2008 година и еве веќе после пет месеци, констатираме дека е утврдено дека оделни одредби се недоволни прецизни и јасни, поради што има потешкотии во нивната примена, заради што се налага потреба од нивно изменување и дополнување. И ништо не е страшно ако при имплементација на одреден закон се види дека навистина, се наидува на потешкотии во неговата примена и притоа се достави нов предлог за измена на законот, со кој што ќе се подбори, но страшното е во тоа што во ова Собрание премногу закони ни стигнуваат кои што или не ја поминуваат оценката на Уставниот суд, или се многу тешки за имплементација.

Токму во таа насока, почитувани колеги пратеници е она што јас го говорам дека улогата на пратениците пред се, е да ги следат, читаат законите, да ги следат компаративните искуства од земјите кои се членки или не се членки на Европската унија, но и во нашето опкружување, да ги усогласуваме со нив и да носиме закони кои што ќе бидат многу посоодветни и полесни за имплементација и да не ни се случува на секои 4-5 месеци да констатираме дека законите не можат да се имплементираат, или пак дека одредени одредби од нив се недоволно јасни и прецизни.

Затоа почитувани колеги пратеници, без разлика на новиот Деловник, кој што во голема мера ја оневозможува дебатата и расправата, односно доставувањето на амандманите до Собранието, каде што може и на собраниската седница, можеби ќе успеат пратениците од опозицијата да ги убедат, сме имале ретки, но и такви случаи, пратениците од парламентарното мнозинство да прифатат некој амандман со кој што би се подобрил законот и би бил полесен за имплементација. За жал, на комисиите три четири пратеници ќе одлучат дека амандманот нема потреба да помине понатаму и тој никогаш нема да види бел ден. Мора да се согласиме дека 60, 70 или 80 глави помудро мислат, отколку 4-5 пратеници. Но, за жал, тоа е што го имаме и затоа ја користам оваа прилика да укажам на некои недоследности кои што треба да бидат според мое мислење поправени во овој закон и покрај тоа овие забелешки ако не бидат земени во предвид, јас ќе доставам амандмани, без разлика каква судбина ќе имаат тие, дали ќе стигнат само до комисијата на матичното тело и нема никогаќ да стигнат до Собранието.

Имено, сметам дека овој Закон со одредени измени може да биде применлив и во голема мера да ја постигне целта што ја има, односно да овозможи контролирано движење на луѓе и стоки и да се избегне неконтролираното движење, да се зголеми безбедноста на нашите патишта, па ако сакате и удобноста при патувањето со правењето на заштитните појаси и целокупната инфраструкртура која што ќе придонесе за поудобно патување, а со тоа, секако, ќе се даде и еден придонес во развојот на туризмот и оние патници кои што само транзитираат низ нашата земја, ќе посакаат да запрат, да застанат, а можеби кога ќе застанат ќе имаат можност да видат и одреден матаријал кој што ќе биде репрезентативен, кој што ќе ја промовира нашата земја и ќе сакаат да посетата одредени наши културни и природни богатства, за кои што мора да признаеме нашата земја во голема мера изобилува.

Почитувани колеги пратеници, мојата забелешка е за членовите 9 и членот 3, каде што се регулира од една страна заштитниот појас на јавните патишта. Јас апсолутно давам подршка на овој заштитен појас, мислам дека треба да го имаат од ова претходно што кажав и дека тој е корисен и дека мора да признаеме дека овие огради на заштитните патишта мора да се прават онаму каде што ќе има алтернативен пат.

Уште една работа која би сакала да ја потенцирам, за жал, до сега и покрај сите ветувања на Министерството за транспорт и врски, не се реши наплатата на патарината. Многу

пати таа служи за дневно политички маркетинг. Сите тие апсења видовме како завршија. Сметам дека сеуште начинот на наплата на патарина не е регулиран. Ни беше кажано дека ќе имаме електронска наплата на патарината, која што ќе биде многу праведна, ќе биде исклучен моментот на субјективизам и нема да се доведуваат луѓето во искушение да прават одредни прекршоци кои што сега за жал, сеуште ги имаме при наплата на патарината.

Но, во членот 3, овде велиме дека изградба, реконструкција и одржување и наплата на патарини и други надоместоци со користење на јавниот пат, на дел од јавен пат, објекти на јавен пат итн, патниот појас, значи тоа се предмет со кој се уредува наплатата на патарина, кога се даваат патишата под концесија. Јас и при наплатата на патарина, претходниот пат кога беше, пред тоа говорев дека не може да се наплаќа патарина онаму каде што граѓаните, на патниците не сме им понудиле алтернативен пат. Треба да им се даде можност на граѓаните сами да одлучуваат кој пат ќе го одберат. Дали ќе патуваат по подобар, посигурен и поквалитетен пат и побезбеден секако, каде што ќе си платат патарина, или пак, немајќи доволно средства ќе се одлучат да го користат алтернативниот пат и притоа нема да плаќаат од џебот за користење на патот. Значи, мора да имаат право на избор. Така е во најголем број на еворпски земји, каде што се наплаќа патарина. На пример, патот од Велес до втората патарина нема можност да се избегне односно патниците да одберат алтернативен пат и притоа, да не ја платат патарината. Мислам дека ова треба да се земе предвид да биде регулирано со Законот, затоа што навистина, доколку се покрене пред Уставниот суд постапка и вака концепираниот закон нема да ја помине уставноста. Не може да не им дадеме можност на граѓаните да избираат кој пат ќе го одберат, дали како што реков, оној посигурниот и ќе платат патарина, или оној кој што е помалку сигурен, помалку безбеден, но притоа нема да ја платат патарината.

Би сакала уште една забелешка и прашање, дали при изготвување на овој закон, законот е usогласен со Националната стратегија, која што е донесена многу скоро, или воопшто, не се земени предвид усогласувањата кои што ги имаме. Значи, ова се основните забелешки. Сосема на кратко во рамките на оваа нецела минута да повторам. Значи, мора да имаме и при изработката на заштитниот појас да се води сметка за алтернативните патишта и поставувањето на оградата, доколку ги нема како ќе се вклучуваат патниците на овие патишта и второ, онаму каде што се наплаќа патарина, која што не е така ниска, мора да признаеме одзема голем дел од средствата, влегува со добар процент од средствата за патување што ги трошат граѓаните, да им се даде можност да имаат алтернативен пат и секако, да се усогласи со Националната стратрегија која што беше усвоена од страна на ова Собрание. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има заменикот министер за транспорт и врски, повелете.

**Љубчо Димовски:** Само едно мало дообјаснување, што се однесува до Националната стратегија да, се внимаваше и на неа, затоа што меѓу останатото дејството на Националната стратегија беше и во Министерство за транспорт и врски и во Агенцијата за државни патишта.

Од друга страна, станува збор за Коридорот 10 патниот правец, на Комисијата стана збор за Градско, до Скопје, алтернативен пат на веќе одредениот патен правец, односно автопатот. Таков патен правец алтернативен постои од Градско до Велес, од Велес преку Башино село до езеро Младост, од езеро Младост до Црни Врв, од Црни врв, Катланово, од Катланово, Петровец, од Петровец до Скопје. Да кажам дека таму се случуваат и најтешките сообраќајни несреќи. Особено е критична ситуацијата на патниот правец помеѓу Црни Врв и Катланово, кому му е потребна нависина, реконструкција. Но целта е во секој случај да се обезбеди целосната функција на Коридорот 10, заради тоа што е од суштинско значење за Република Македонија.

Во Буџетот на Агенцијата за државни патишта се обезбедени 500 милиони денари. Воедно, обезбедени се 60 милиони евра за патната инфраструктура во Македонија. Ценам дека во следниот период и овие барања од пратеничката, односно овие сугестии ќе бидат земени предвид и дека ќе се изврши соодветна реконструкција на овој патен правец како алтернатива.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, навистина ова што го кажавте, ќе ве држам за збор и се надевам дека ќе биде така, се со една единствена цел да се подобри, да се даде можност, како што реков на патниците кои што не сакаат да го користат автопатот и да не ја плаќаат патарината, да имаат можност и тие безбедно да стигнат, но не толку многу како овие што ќе патуваат по автопатот, но сепак, да имаат одредена алтернатива. Што се однесува до Националната стратегија, моите сознанија се дека сеуште не е доволно направено во таа насока, односно дека немаме некоја поголема иницијатива. За жал, времето ми истекува и не можам да ги кажам тие примери. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе,

Почитувани колеги пратеници, пред нас е Предлог на законот за изменување и дополнување на

Законот за јавни патишта и согласно на она што значеше претходни дискусии на колегите пратеници од Парламентот, а исто така и на колегите од Комисијата за транспорт и врски, очигледно е дека овој законски проект, измените на овој закон се општо прифатливи за сите колеги пратеници.

Јас би сакала да го искажам моето видување и можам да го кажам тоа дека со овој законски проект и измените кои што ги предвидува Министерството за транспорт и врски, уште еднаш се потврдува намерата на ова Министерство за подобрување на условите во патната инфраструктура, како со изградба на нови патишта, реконструкција на постојните патишта, а исто така и со усогласување на законите согласно на потребите, се во насока на создавање на подобри услови за патување на граѓаните на Република Македонија.

Значи, во таа насока се и измените на овој закон кој што денес го разгледуваме. Би сакала да кажам дека со цел да се надминат потешкотиите во однсон на примената на оделни одредби, како и потребата за дорегулирање на некои прашања, се предлага донесување на овие измени на Законот.

Со Предлогот на законот предвидени се одредби со кои се дава можност на Агенцијата за државни патишта, односно општината на градот Скопје, кои издаваат дозвола за вонреден превоз во случај кога ќе оценат дека со извршувањето на овој превоз би настанале поголеми оштетувања на патот и на објектите на објектите на патот или за извршување на превоз каде што постојат дрги алтерантивни патишта, да може барањето за давање на дозвола да биде одбиено.

Во членот 12 кој што тоа го предвидува се кажува дека Агенцијата, градоначалникот на Општината, односно градоначалникот на Скопје ќе го одобри барањето за издавање на дозвола за вонреден превоз до колку оцени дека со извршувањето на вонредниот превоз би настанале поголеми и трајни оштетувања на патот или ако постојат други алтернативни патишта.

Исто така, со цел да се обезбеди поголема заштита на јавните патишта, а со цел да се намалат и трошоците за нивно одржување, со Предлогот на законот предвидено е решение со кое конктретно се наброени работите и дејствијата кои е забрането да се преземаат на патот и на патниот појас. Тука би сакала да потенцирам неколку: заземање на земјиште од патот, спречување на истекување на атмосферските води, пасење на стока, косење на трева, спуштање на дрвја, влечење на греди и трупци, копање на запрежни возила, свртување на работи на други машини, градење на поила за стоки, потоа фрлање на шут, отпадоци, оставање на отпадоци, испуштање на отпадоци, на отпадни води, потоа приклучува или исклучување на возила, движење на возила во пешачката патека, поставување на светлосни направи, терање на стока надвор од местата определени за премин, попречување користење на патот, потоа продавање на овошје, зеленчук и вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува и загрозува сообраќајот.

Во извештајот прецизно се дефинирани некои работи кои всушност претставуваа потешкотија во досегашното функционирање на постојниот закон.

Исто така, би сакала да потенцирам дека овој законски проект, на матичната Комисија за транспорт и врски ја доби целосната подршка од колегите пратеници, беа искажани многу конструктивни забелешки кои од претставникот на Министерството за транспорт и врски беа сериозно прифатени и ќе бидат земени предвид за разгледување. Она што се цени дека е конструктивно се надевам дека ќе биде земено предвид и едногласно беше донесена одлука на оваа комисија од сите колеги пратеници дека постои потреба за изменување и дополнување на законот.

Исто така, со оглед на тоа дека овој законски проект е во прва фаза, ценам дека во второто читање онаков каков што е најприфатлив ќе биде доставен до нас како колеги и ние со нашето изгласување и подршка ќе придонесеме Министерството за транспорт и врски да ја реализира намерата и програмите и проектите кои ги има зацртано и сите заеднички да придонесеме за создавње на подобри услови за движење на граѓаните на јавните патишта. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам претседателе.

Во основа, Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта е прифатлив. Секако дека она што сметаме дека може да се промени, се разбира ако ве убедиме дека треба да ги направите промените, ќе го предложиме со амандмани, но, сега би зборувала за принцип на работа. Зборував за тоа и на Законодавно-правната комисија, нешто веќе спомна мојата колешка Топузова - Каревска за Националната стратегија која ја донесовме пред отприлика месец дена. Никаде во образложението на Предлог законот воопшто не е спомната, министерот кажа и тогаш и сега дека е консултирана Националната стратегија. Сега ви зборувам од името на Советот за безбедност на сообраќајот, кој со таа Национална стратегија го назначивме за координатор. Во имплементирање на Националната стратегија не можете да носите закон за јавни патишта и измена во еден таков значаен закон без воопшто да ги консултирате Координативното тело, а тоа не сте го направиле.

Луѓето воопшто не знаат дека таков закон денес се расправа во овој Парламент.

Сметам дека конечно треба да ги обврзуваме работите , ако носиме Национална стратегија тоа е основниот документ кој се однесува на безбедноста на сообраќајот, не можеме да носиме измени во таков закон, во Законот за јавни патишта, а да не ја консултираме Националната стратегија или пак да немате никаква координација со Координативното тело кое ова Собрание го назанчи за координација. Тоа не сте го направиле. Можеби до второто и третото читање имате време и можете како Влада и како Министерство да поднесете и вие, во координација со нив, сепак тие работеле на Националната стратегија и многи повеќе знаат за темпото со кое предлагаат да се извршат промени.

Второ, она што е за мене голема забелшка и прилично несриозно е тврдењето дека нема фискални импликации. Вие објаснивте дека концесионерите на Законодавно-правната комисија, заменик министер, објаснивте дека концесионерите ги плаќаат континуираните поставувања на заштитна ограда, пренос на инзсталации, но пред да распишете конкурс на кој ќе се јават кпнцесионери и додека не завшри вие вопшто не знаете кои магистрални патишта воопшто ќе бидат под конецесија, а плус овде во став 3 од новиот член 41-а велите дека заштитната ограда од став 1 ја поставува Агенцијата за државни патишта, што значи не може да нема фискални импликации. Пред скоро време донесовте одлука со која исто така Република Македонија се задолжува со кредит за патната инфраструктура. Значи не можете да носите еден ваков значаен закон или вакви значајни измени во него, а да сметате или да тврдите дека нема фискални импликации.

Тоа отприлика се моите забелешки, пред се и најмногу на релациите со Националната стратегија, кои сметам дека треба да ги воспоставите многу скоро и особено со Координативното тело кое, тука се согласивме сите заедно дека ќе го консултираме кога станува збор за имплементирање на таа стратегија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Љупчо Димовски**: Поврзано со фискалната импликација само накратко да кажам. Имено, во Годишната програма на Агеницијата за државни патишта, во делот за заштитата на патиштата постои ставка на предвидени средства наменети за поставување огради. Агенцијата ја има обврската преку обезбедените средства наменски да ги потроши и да ги постави тие огради.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Јас сметам дека измените кои се прават со овој Предлог закон за јавни патишта и во функција на подобрување на текстот на законот, односно олеснување на неговата практична примена.

Потребата од измените на овој закон, кој е донесен само пред пет месеци во јули 2008 година и нивната оправданост се само уште еден доказ и во оваа прилика да повторам дека законите не треба да се носат експресно, не треба да се носат по скратена постапка, односно да се штанацаат едноставно кажано како на лента. Една таква пракса ќе резултира со носење на квалитетни законски решенија и со потребата за интервенција во нив непосредно по нивното стапување на сила, односно само по 5 месеци гледаме дека нивната практична примена всушност е невозможна, како што е случајот со овој закон.

Кога се носеше законот како опозиција укажавме на тоа дека има потреба од интервеницијa во Законот и денеска гледам дека добар дел од предложените измени се во правец на тие укажувања кои што ги имавме тогаш. Измените предложени со овој Предлог закон претставуваат всушност усогласување на самиот закон, значи Законот за јавни патишта со Законот за градба, Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за концесии и се разбира и други закони и е нормално,за очекување, неопходно и непречено реализирање на законските одредби од него.

Моја единствена дилема во однос на измените е дели може да се прифати решението кое што е понудено во член 15 од Предлог зконот. Имено, во член 15, со кој се предлага воведување на нов член 62-а, кој од своја страна предвидува во случај на доделување концесија од член 11 од овој закон, финансиските средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавен пат од член 55 точка 1, бидејќи точките 1, 2, 3 и 4 не се спорни, можат да бидат приход на концесионерот на начин и под услови утврдени со договорот за концесија.

Почитуван заменик министер, во конкретниот случај станува збор за средства кои што се трансфер од централниот буџет, значи тоа е делот од акцизата на нафтените деривати и навистина се поставува главното прашање, по кој критериум би се определила висината на надоместокот кој концесионерот би го имал за одржување на односниот пат, односно дали тука нема да се отворат евентуални можности за манипулација собрани од граѓаните по пат на една ваква би рекол јавна давачка.

Од друга страна, пак, во оценката на финансиските последици од Предлогот на законот врз буџетот и другите јавни финансиски средства, сте ја напишале, се вели дека не имплицираат

финансиски последици. Значи тоа едно со друго не оди.

И да напомнам уште еднаш и во оваа прилика, да не ни се случи она што го најавивме во нашите дискусии при носење на овој закон, а тоа е дека трансформацијата на Јавното претпријатие Македонија пат во член 83 од постојниот закон точка 2 предвидува дека ќе се направи нов посебен закон.

Почитуван заменик министер, помина долго време еве 5 месеци, до каде е работата со тој закон или чекаме работите да зовријат во јавно претпријатие па потоа да се интервенира. Еве уште еднаш да повторам дека сметам дека измените се прават со вистинска причина, значи имаме потреба од едно вакво решение, еден ваков закон заради тоа што навистина ќе се олесни практичната примена на законот, меѓутоа истовремено апелирам да се даде одговор на ваквите дилеми кои што ги спомнав. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска**: Благодарам претседателе.

Ова не е толку реплика, се работи за едно мало надополнување во контекст на дикусијата на почитуваниот колега, кој што многу го почитувам и она како што и самиот кажа во насока на усогласеност на овие измени кои се предлгаат. Со самото тоа што одредени забелешки кои Министерството за транспорт и врски сериозно ги зело во предвид и предлага измена и дополнување на овој закон уште еднаш се потврдува транспарентноста и сеопфатноста на работата на ова Министерство кое што проектите кои ги донесува е во насока на подобра инфраструктура, побезбедно возење на граѓаните, пред се сите граѓани на Република Македонија добијат подобри услови на јавните патишта во нашата држава. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има заменикот министер за транспорт и врски, повелете.

**Љупчо Димовски**: Му благодарам на господинот Ќуркчиев за сугестиите.

Во однос на Македонија пат би нагласил дека финансиската позиција на ова јавно претријатие започна да се влошува од 2004 година, до кога јавното претпријатие имаше сеуште и заработувачка. Со порастот на задолжувањата, зглеманите загуби кои резултираат со негативно движење на капиталот поради зголемувањето на трошоците главно предизвикани од зголемување на број на вработени состојбата во Македонија пат стана алармантна. Оваа состојба прави јавнот претпријатие да биде се помалку способно да се справува со своите обрвски, да ги изрвшува своите задачи, да обезбедува инвестиции коисе значајни за добро одржување на патиштата, да ги исплаќа набавувачите, да и обезбедува задоволително одржување на патиштата поради недостаок од материјали, тек на готовински капитал, а со застарена опрема и со намалена ефикасност.

Оттаму, во моментот се врши финансиска проценка на пратријатието од стрна на независна финансиска куќа. проценаката треба да заврши кон крајот на 4-ти месец оваа година, почеток на петиот месец, на што ше следи и одлуката на Владата за преструктуирање на Јавното претријатие Македонија пат во две акцинерски друштва, за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта и за наплатана патаринатас и услугите, кое покрај наплатата на патарината ќе ги опфаќа заштита на патишата и центарот за информации, броење на возила, обработаск и водење на податоци итн.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија, како матично работно тело, и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законт за зменување и дополнување на Законот за јавните патишта е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието, да се достави до Комисијата за транспорт, врски и екологија и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата за да премине на гласање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, сите 56 гласаа за, нема воздржан, нема против.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата нема доволен број на пратеници, се поништува гласањето.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата има 61 пратеник, може полноважно да се гласа.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 9 - Барање за давање автентично толкување на член 11 став 3, а во**

**врска со членовите 18 и 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, поднесено од пратеникот Миле Пачемски.**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Барањето за давање автентично толкување да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 11 став 3, а во врска со членовите 18 и 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, поднесено од пратеникот Миле Пачемски не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Миле Пачемски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 58 пратеници, воздржани нема, еден против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 10 - Барање за давање автентично толкување на член 13 став 2, од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства поднесено од пратеникот Надица Танчева Тулиева.**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Барањето за давање автентично толкување да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 13 став 2, од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства поднесено од пратеникот Надица Танчева Тулиева не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Надица Танчева Тулиева.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 61 пратеник, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 11 - Барање за давање автентично толкување на член 41 став 2, од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Кичево.**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по Барањето за давање автентично толкување да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 41 став 2, од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Кичево не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Кичево.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека Четириесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши во 14,04 часот).